# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТА

**21 март 2008**

**Предмет: Презентација на 5-тиот Извештај од проектот „Мониторинг на лидерство“**

Денес, на **21-ви март 2008 година**, **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** одржи презентација на петтиот Извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија, за периодот декември 2007 – јануари 2008 година.

Преку мониторингот на активностите на Владата на Република Македонија во периодот декември 2007- јануари 2008 година, петтиот Извештај на Институтот ОХРИД се стреми да даде една слика на пошироката јавност за планираните и остварените реформи на Владата на Република Македонија преку конструктивна и компаративна анализа на Акциониот план на Владата.

Мониторингот се изврши на основа на споредување на остварувањата на Владата со ветувањата содржани во Програмата за работа на Владата 2006-2010. И понатаму проектот „Мониторинг на лидерство” има за цел на граѓаните на Република Македонија да им обезбеди објективен и експертски мониторинг на работата на Владата. Врз основа на извршените компарации, експертите на Институтот ОХРИД изработија двомесечни Извештаи за прогресот на имплементацијата на програмите, со проценки на ризикот од недоволна или недоволно квалитетна имплементација за секоја од областите покриени со Извештаите. Во 5-тиот извештај како и досега елаборирани се 11 области од општествениот живот: **фискална и монетарна политика**, **трговија, индустриска и инвестициска политика, финансиски и пензиски систем,**

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

**економија на знаење, образование, земјоделство, надворешни работи, внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, спорт.**

Експертите кои досега го вршеа мониторирањето и ги подготвија петте двомесечни Извештаи предводени од Проектниот координатор д-р Ветон Љатифи и Извршниот директор на Институтот ОХРИД, м-р Билјана Јанева.

се следните:

- д-р Томе Неновски, фискална и монетарна политика
- м-р Марјан Николов, трговска, индустриска и инвестициска политика
- м-р Снежана Мојсоска, финансиски и пензиски систем
- м-р Филип Блажески, економија на знаење
- д-р Ило Трајковски, образование
- м-рЉупчо Тошев, земјоделство
- д-р Васко Наумовски, надворешни работи
- д-р Душко Стојановски, внатрешни работи
- д-р Јарослав Караџински, здравство
- м-р Горан Мијоски, транспорт и врски, и спорт

Последниот Извештај воедно преставува и заокружување на целиот проект „Мониторинг на лидерство", со кој се добива една комплетна анализа за периодот септември 2006 – јануари 2008 година. Во склоп на проектот беше изработена Системска матрица за мониторинг базиран на перформанси, како и две истражувања на јавното мислење за јавните перцепции за транспарентноста на Владата и локалните институции.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД го имплементираше проектот во текот на една година, а истиот беше финансиран од Балканскиот фонд за демократија (The Balkan Trust for Democracy).

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk